ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# „ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2021 ГОДИНА“




04 2022 00 13

Скопје, март 2023 година

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

| | |
|---|---|
| Резиме | 1 - 3 |
| Вовед | 4 - 5 |
| Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата | 6 - 8 |
| Наоди и препораки | 9 - 31 |
| Заклучок | 31-32 |
| Останати прашања | 32-33 |

Прилог број 1 - Интерни акти донесени со претходно одобрување од директорот и од заменик на директорот на ДЗС

Прилог број 2 - Плански региони во Република Северна Македонија

Прилог број 3 - Број на реонски попишувачи кои учествуваат во пописот

Прилог број 4 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог број 5 - Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

Закон за Попис - Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година
Попис - Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година
Влада – Влада на Република Северна Македонија
Собранието - Собранието на Република Северна Македонија
СРМ – Социјалистичка Република Македонија
ДЗС - Државен завод за статистика
КПР - Комисија за пописен реон
ДИ - Државни инструктори
МТСП-Министерство за труд и социјална политика

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-296/5
Дата: 28.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година".

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија, даваат основ да го изразиме следниот заклучок:

Неоспорувајќи ги преземените активности за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година од страна на Државниот завод за статистика како и имајќи ги предвид промените во опкружувањето предизвикани од пандемијата кои имаа влијание на роковите за вршење на активностите, утврдивме дека освен за состојби во однос на начинот на донесување на дел од подзаконските и интерните акти, периодот на извршување на претходното попишување на одделни категории на лица, бројот на учесниците во пописот во однос на планираниот број, начинот и висината на утврдување на дел од надоместоците, периодот за кој е донесен финансискиот план како и состојбите во однос на јавните набавки, постапката на подготовка, организација, спроведување и објавување на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година е во согласност, во сите материјални аспекти со одредбите од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, подзаконските и интерните акти донесени за подготовка, организирање и спроведување на истиот.

Со извршената ревизија ги констатиравме следните состојби:

- донесен е подзаконски акт како и голем број интерни акти, правилници, упатства со кои ДЗС ги регулира активностите во процесот на попис, но не е донесена процедура за целокупната постапка, со која значително би се олеснил процесот на реализација на активностите, начинот на вршење на надзорот и контролата над работата на учесниците во пописот,
- основните акти во врска со кои се регулира целокупниот процес на попис се донесени од страна на директорот и од заменикот на директорот, но има акти кои се донесени само од страна на директорот на ДЗС,
- не се изработени поединечни извештаи за извршеното попишување на лицата кои во време на пописот се наоѓаат на служба на Армијата на Република Северна Македонија во земјата или во странство, или на издржување на мерка притвор или на издржување казна затвор, на лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправните домови, како и на лица кои спаѓаат во категоријата на бездомници и кои во време на пописот се сместени во институции во надлежност на МТСП, а податоците се содржани во печатената и објавена Публикација за резултатите од спроведениот попис,
- констатирани се одделни недоследности во врска со набавката на стоки и услуги за потребите на пописот:
  - ✓ набавена е софтверската апликација за самопопишување без надомест, без притоа да се уреди дали станува збор за донација или спонзорство,
  - ✓ во постапките за јавни набавки, изјавите за непостоење на судир на интереси се потпишани само од оние членови во комисиите за јавни набавки кои учествувале во постапката,
  - ✓ склучени се анекси на договорот за набавка на информатичка опрема-лаптопи, без спроведување на соодветна постапка за јавна набавка, со кои се менуваат условите и роковите за реализација на договорот,
  - ✓ спроведена е постапка за набавка на услуги за медиумска кампања со преговарање без објавување на оглас, без претходно обезбедување на позитивно мислење од страна на Бирото за јавни набавки,
  - ✓ набавени се средства за заштита од КОВИД-19 без спроведување на постапка за јавна набавка,
- формирани се стручни тела и работни групи без законско регулирање на дел од истите, прецизно утврдување на бројот на членови, критериуми, услови и висина на надоместоците и
- финансиски план за пописот е донесен во март 2021 година од страна на Бирото за попис, во износ од 522.751 илјади, иако исплатата за дел од активностите поврзани со пописот е отпочната уште во 2019 година.

За констатираните состојби во врска со јавните набавки дадовме препораки за преземање соодветни мерки и активности за нивно надминување.

Во делот Останати прашања, укажуваме на потребата од законско уредување на правото на надоместок на членовите на Советот за статистика, односно на допрецизирање на членот во Законот за државната статистика во насока на дефинирање на намените и висината на финансиските средства кои се предвидуваат и исплаќаат на Советот за статистика.

Од страна на раководното лице на Државниот завод за статистика доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека истите во најголем дел преставуваат образложение за причините за констатираните состојби, една делумно се прифаќа и две не се прифаќаат.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на тема „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година“ за период од 2019 до 2022 година, иако некои прашања и настани се опфатени и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

1.2. Ревизијата на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година е одговорност на раководството на субјектот-Државниот завод за статистика, застапувано од:

- Апостол Симовски, директор од 20.02.2018 година до 15.02.2022 година, и вршител на должност директорот од 15.02.2022 година и
- Иљми Селами, заменик на директорот од 15.12.2020 година.

Оваа одговорност вклучува подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година од страна на Државниот завод за статистика и истиот се грижи за законитоста во подготовката, организацијата и спроведувањето на попис како и за објавување на податоците во согласност со одредбите од Законот за попис.
Во однос на подготовката, организирањето и спроведувањето на пописот, раководството на ДЗС е одговорно за: навремено известување на населението за целите и задачите и за други прашања во врска со пописот, за стручна обука на членовите на комисиите за пописните реони, реонските инструктори и реонски попишувачи од аспект на примената на прописите од областа на заштита на личните податоци при спроведување на пописот, за обезбедување инструменти (технички средства, упатства и друго) за спроведување на пописот, за донесување на програма за обработка и објавување на податоците од пописот, за обработка на пописниот материјал и објавување на резултатите од пописот, како и за поднесување на извештај за пописот до Владата.

1.4. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за тоа дали пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година е подготвен, организиран, спроведен и за истиот се објавени податоците во согласност со Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година и со

Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали спроведениот попис кој се реализирал во 2021 година, во период од 05 до 30 септември 2021 година е во согласност со законската регулатива и методолошките акти донесени за истиот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали подготовката, организацијата, спроведувањето и објавувањето на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година од страна на ДЗС е во согласност со одредбите од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година и од Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

Ревизијата вклучува анализа на постапката на подготовката, организацијата, спроведувањето и објавувањето на податоците од пописот. Информациите за извршената ревизија се добиени преку законската регулатива, подзаконските акти, интерната документација, кои се однесуваат на активностите во однос на постапката на подготовката, организацијата, спроведувањето и објавувањето на податоците од пописот. Исто така, применивме интервјуа со непосредните извршители кои биле вклучени во постапката на подготовка, организација, спроведување и објавување на податоците од пописот, разни прегледи изработени за потребите на ревизијата, разни информации за реализација на пописот. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот ревизорски заклучок.

Имајќи предвид дека вообичаено е попис да се спроведува на секои 10 години, како и дека активностите на истиот се регулираат со посебен закон за попис, ревизијата ќе даде препораки за состојби кои можат да бидат надминати со постојната законска регулатива.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година“ е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали постапката на подготовка, организација, спроведување и објавување на податоците од пописот е во согласност со Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година и Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.

2.2. Критериуми во однос на кои предметната материја е споредувана се:

Меѓународна регулатива:

- Меѓународни препораки за пописите на населението и домувањето, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и Евростат околу 2020 година[1] воспоставување и водење не статистички регистри во надлежност на Државниот завод за статистика;
- ЕУ Регулатива 763/2008 на Европскиот парламент и Советот за пописот на населението и домувањето CELEX број 32008R0763 од 09.07.2008 година;
- Спроведувачка регулатива на Европската Комисија (ЕУ) 543/2017 од 22.03.2017 година за утврдување на правилата за примена на Регулативата (ЕЗ) 763/2008 на Европскиот парламент и на Советот за попис на населението и домувањето во однос на техничките спецификации за карактеристиките и нивната дискриминација CELEX број 32017R0543;
- Регулатива на Европската Комисија (ЕУ) 712/2017 од 20.04.2017 година за воспоставување на референтна година и усвојување на програма за статистички податоци и метаподатоци за пописот на населението и становите предвидени во ЕУ Регулатива на Европскиот парламент и Советот за попис на населението и домувањето CELEX број 32017R0712 од 20.04.2017 година;
- Регулатива 881/2017 од 23.05.2017 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) 763/2008 на Европскиот парламент и на Советот за попис на населението и домувањето во однос на методите и структурата на квалитетот и техничкиот формат за пренос на податоци и за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 1151/2010 , CELEX број 32017R0881.

[1] Conference of European Statisticians Recommendation for the 2020 Censuses of Population and Housing – CES, 2016

Законска регулатива:

- Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 19/21 и 74/21);
- Закон за државната статистика („Службен Весник на РМ“ број 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 83/18, 220/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 31/20);
- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 90/09, 12/11, 82/13, 188/13, 192/15, 147/17);
- Закон за јавните набавки („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 24/19 и 87/21);
- Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020);
- Закон за донации и спонзорство во јавните дејности („Службен Весник на РМ“ број 47/2006, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020);
- Закон за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија („Службен весник на СРМ“ број 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/2018).

Подзаконски акти:

- Методологија за подготовка, организација и спроведување на пописот на населението 2021 („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 30/2021).

Интерни акти на субјектот:

- Правилник за мерките, формите, техниката и начинот на запазување на безбедноста на тајноста на личните податоци од пописот 2021 година, при попишување на единиците на пописот, број 23-233/1 од 03.09.2021 година;
- Правилник за мерките, формите, техниката и начинот на запазување на безбедноста на тајноста на личните податоци од пописот 2021 година, при попишување на единиците на пописот со самопопишување, број 23-59/1 од 11.03.2021 година;
- Упатство за начинот на претходното попишување на лицата во Служба на АРМ, во соработка со Министерството за одбрана;
- Упатство за начинот на претходното попишување на лицата во казнено поправните домови, во соработка со Министерството за правда;
- Упатство за начинот на претходното попишување на бездомниците, во соработка со Министерството за труд и социјална политика;
- Упатството за ревизија на границите на просторните единици за пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година во соработка со

Агенцијата за катастар и недвижности;
- Предлог-Програма за објавување на резултатите од пописот на населението 2021 година, број 02-4/8 од 25.02.2022 година;
- Протокол за превентивни мерки при спроведување на пописот, број 09-1240/6 од 24.02.2021 година;
- Правилник за утврдување начин и поблиски услови за утврдување на надоместокот за извршените работи на учесниците во пописот, број 01-310/2 од 15.02.2021 година, со три измени, број 01-310/8 од 04.03.2021 година, број 01-310/10 од 10.09.2021 година;
- Упатство за одобрување, прием и плаќање на фактури кои се однесуваат на пописот, број 01-310/6 од 15.02.2021 година со една измена, број 01-310/9 од 11.03.2021 година;
- Правилник за материјално и финансиско работење на ДЗС во пописот, број 01-310/1 од 15.02.2021 година;
- Правилник за пропишување начин и поблиски услови за утврдување на надоместокот за вршување работи на државните инструктори, број 01-310/7 од 04.03.2021 година;
- Упатство за работа на лицата кои ќе водат административно-технички и финансиско-сметководствени работи во Комисиите за пописни реони, број 01-310/5 од 15.02.2021 година;
- Упатство за надоместокот на патни трошоци на учесниците во пописот, број 23-232/1 од 03.09.2021 година
- Упатство за начинот на работење на Комисиите за пописни реони, во пописот, број 01-310/3 од 15.02.2021 година;
- Правилникот за утврдување начинот и поблиските услови за именување на членови на комисиите на пописните реони и селекција и избор на реонските инструктори и реонските попишувачи, број 01-310/4 од 15.02.2021 година;
- Процедура за постапување во случај на одбивање на попишување во пописот број 01-1344/1 од 20.09.2021 година;
- Процедура за ангажирање толкувачи на знаковен јазик број 01-1345/1 од 20.09.2021 година;
- Комуникациска стратегија број 02-1911/11 од 28.12.2021 година;
- Промена на листа на документиран материјал со рокови на негово чување број 03-1807/3 од 14.12.2021 година;
- Постапка за обработка на податоците од попис број 02-8/7 од 07.12.2021 година.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.10. до 30.12.2022 година, кај Државниот завод за статистика од тим на Државниот завод за ревизија.

# 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДЗС одржан на ден 25.01.2023 година.
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорното лице на Државниот завод за ревизија, број 11-296/1 од 09.02.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-296/4 од 13.03.2023 година.
Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор при што е констатирано дека забелешките на точките 3.2.1., 3.3.2, 3.3.4., 3.4. 3.5.1. 3.5.3, претставуваат образложение за причините за констатираните состојби, забелешката на точка 3.5.1. алинеја 2, делумно се прифаќа, поради дополнително доставена документација, додека не се прифаќаат забелешките на точка 3.3.4. алинеја 1, точка 3.5.1. алинеја 5 и точка 3.5.2.

Со ревизијата на усогласеност констатирани се следните состојби:

## 3.1. *Внатрешни контроли*

Пописот како најмасовна статистичка операција бара исклучително внимателно планирање, подготовка, тестирање, анализирање и документирање на секоја фаза од пописот, со цел обезбедување на единствени принципи во спроведувањето на пописот на терен.
Согласно Законот за попис, пописот го организира и спроведува ДЗС, кој се грижи за законитоста во неговата подготовка, организација, спроведување како и врши надзор над работата на сите учесници во пописот. Заради непречено извршување на надлежности, во Законот за попис предвидено е ДЗС да донесе подзаконски и интерни акти за организација, спроведување и обработка на пописот.
Финансиско управување и контрола согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се воспоставува кај секој буџетски корисник, при што согласно член 7 од наведениот закон одговорното лице има обврска да преземе мерки и конкретни активности за пропишување, донесување и имплементација на процедурите во сите организациони структури, програми, операции и процеси, раководени од него, се со цел вршење на работите на правилен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин и усогласување на работењето со законите и прописите со што ќе се овозможи остварување на целите на субјектот.

Не оспорувајќи го донесениот подзаконски акт, како и голем број интерни акти, правилници, упатства со кои ДЗС ги регулира активностите во процесот на попис, но имајќи го предвид обемот на надлежностите, организациона структура на учесниците во пописот, буџетот со кој се финансираат активностите, истакнуваме дека со донесување на пишана процедура со која јасно, прецизно, последователно ќе се дефинираат активностите за планирање, организирање и спроведување на пописот, начинот на користење, чување и заштита на податоците од попис,

активностите за обработка и објавување на податоците од пописот, информирање на населението за целите и значењето на пописот и неговото финансирање односно со која ќе се дефинира целокупната постапка и целокупната потребна документација, значително би се подржал и олеснил процесот на реализација на активностите како и процесот на надзор и контрола над работата на учесниците во пописот со цел покривање на сите можни ризици со контроли во целокупниот процес на попис.

### 3.2. *Правна рамка*

Пописот на населението, домаќинствата и становите претставува процес на прибирање, обработка, оцена, анализа и дисеминација на податоци за населението, домаќинствата и становите во една држава во определен временски интервал.
Државите членки на Организацијата на обединети нации се обврзани за спроведување на попис на населението, домаќинствата и становите во согласност со меѓународната регулатива и Меѓународни препораки за пописите на населението и домувањето, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и Евростат.
Со пописот се врши и официјално пребројување на населението на територијата на цела држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население.
Пописот претставува најобемна статистичка операција во однос на единиците што се попишуваат и најмасовна во однос на бројот на учесниците во неговото спроведување. Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години.
Последниот попис во државата бил спроведен во 2002 година. Во 2011 година било започнато спроведување на попис, но тој бил прекинат со одлука на Влада.
ДЗС, како национален координатор на статистичкиот систем во државата, во периодот од 05.09.2021 до 30.09.2021 година го спроведе деветтиот по ред попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, со состојба на 04 септември 2021 година, во 24:00 часот.

Со Пописот беа опфатени следните единици на попис:
- **Лица,** државјани на Република Северна Македонија, кои имаат живеалиште или престојувалиште во државата, без оглед на тоа дали во моментот на Пописот се наоѓаат во државата или во странство, потоа странски државјани кои престојуваат во државата со одобрение за престој и лица без државјанство кои во моментот на спроведување на пописот се затекнати во Република Северна Македонија,
- **Домаќинствата** на наведените лица и
- **Станови и други населени простории** .

За овој попис е дадено позитивно мислење од страна на Статистичкиот орган на Европската Унија-ЕУРОСТАТ, Советот за статистика, како и експертот назначен од Европската Унија, присутен во целиот процес на подготовка, организација,

спроведување, обработка и објавување на податоците од пописот и кој давал стручно-професионална помош на ДЗС.
Резултатите од пописот се објавени на 30.03.2022 година, шест месеци по завршувањето на теренските активности на пописот, согласно предвидената динамика со Законот за попис и Методологијата. Сите обработени податоци од пописот се објавени во Макстат базата на податоци, согласно кои Република Северна Македонија има 1.836.713 резидентно население, 598.632 домаќинства и 839.174 станови.

3.2.1. Пописот се рангира како активност од висок државен интерес, а неговото спроведување секогаш се регулира со посебен закон за попис кој се усвојува од страна на Собранието.
Првиот Предлог – Закон е поднесен во Собранието на ден 28.05.2019 година од страна на Владата[2], со кој првично е предвидено пописот да биде спроведен во периодот од 01.04 до 21.04.2020 година. Поради промена на составот на Владата како и поради светската пандемијата предизвикана од КОВИД-19, спроведувањето на пописот е одложено за 2021 година, согласно последниот Предлог - Закон за попис, во период од 01.04. до 21.04.2021 година. Собранието на седница одржана на ден 21.01.2021 година го донесе Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година[3].

Со измените на законот[4], пописот е одложен за период од 05.09.2021 до 30.09.2021 година.

Имајќи предвид дека законот за попис е донесен во јануари 2021 година, со кој е регулирано дека пописот ќе се спроведе во месец април, а со измените на законот истиот е одложен за септември 2021 година, утврдивме краток периодот за исполнување на предвидените подготвителни активности, што има влијание врз непречена реализацијата на надлежностите на ДЗС.
Укажуваме дека при носењето на закон за попис, потребно е надлежните институции да го имаат предвид периодот од денот на носење на законот до денот на отпочнување на пописот, и истиот да овозможува доволен временски период за спроведување на сите активности за непречена реализација на целата постапка на попис.

Во член 17 став 3 од Законот за попис е уредено дека директорот на ДЗС донесува акти во врска со пописот, кои пред нивното донесување се разгледуваат и одобруваат со парафирање од страна на директорот и заменикот на директорот на ДЗС, по што истите согласно член 17 став 4 од наведениот закон произведуваат правно дејство.

[2] Број 45-1860/1 од 28.05.2019 година
[3] Службен Весник на Република Северна Македонија број 19/2021
[4] Службен Весник на Република Северна Македонија број 73/2021

Констатиравме дека Методолијата[5] како подзаконски акт со кој се обезбедуваат единствени принципи за организирање на попишувањето како и поголем број на интерни акти со кои се регулира целокупниот процес на попис се донесени со претходно одобрување од директорот и од заменик на директорот на ДЗС, додека дел од акти се донесени со претходно одобрување само од страна на директорот на ДЗС (Прилог број 1).

Добивме образложение дека причина за наведената состојба е краткиот период за нивно донесување, што може да има влијание врз правното дејство кое го произведуваат донесените одлуки.

## 3.3. *Подготовка, спроведување, обработка и објавување на резултатите на пописот, 2021 година*

Активностите поврзани со пописот можат да се поделат во 4 основни фази:
- подготовка (организација и планирање),
- спроведување,
- обработка и
- објавување на податоците.

Пописот 2021 година е спроведен со примена на комбиниран пописен метод што значи комбинација на две методи и тоа:
- административен – со користење податоци од Предпописната база на податоци, креирана за потребите на пописот, како збирка на податоци од 6 (шест) државни институции и
- теренското попишување - со примена на нова технологија – on line попишување во апликативен софтвер односно внес на пописните податоци на преносни компјутери (лаптопи).

Истакнуваме дека Пописот 2021 година е спроведен во период на здравствена и економска криза предизвикана од КОВИД пандемијата и при неговата реализација ДСЗ беше ставен пред предизвик од примена на сите мерки за заштита на населението од последиците од пандемијата, што секако ја отежнуваше целокупната постапка на попис.

Со отворена постапка бр. 04/2019 од февруари 2019 година, извршена е набавка на услуги – Апликативно решение за пробен попис и Попис на населението, домаќинствата и становите, со склучување на договор број 05-349/17 од 15.04.2019 година во износ од 8.673 илјади денари.

Во фазата на подготовка спроведен е Пробен попис во периодот од 14 до 30 јуни 2019 година, чијашто основна цел е тестирање на подготвените методолошки, организациски и ИТ решенија за примена на новиот комбиниран методолошки пристап, како и Тест - попис во периодот од 15 јануари до 15 февруари 2021 година.

[5] Методологија за подготовка, организација и спроведување на пописот на населението 2021, заедно со содржината на пописните прашалници,

### *3.3.1. Претходно попишување на одделни категории на лица*

Со цел попишување на лицата кои во време на пописот се наоѓаат на служба на Армијата на Република Северна Македонија во земјата или во странство, на издржување на мерка притвор или на издржување казна затвор во казнено-поправните установи, на лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправните домови, на лица кои спаѓаат во категоријата на бездомници и кои во време на пописот се сместени во институции во надлежност на МТСП, ДЗС има донесено упатства[6] за начинот на попишување на овие категории на лица.
Во упатствата е уредена постапката на попишување на наведените категории на лица, при што со увид во одредбите од истите ги констатиравме следните состојби:

- претходното попишување е извршено во периодот од 01.03.2021 до 15.03.2021 година. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за попис[7] на 02.04.2021 година, со член 4 извршена е промена на периодот на претходното попишување и тоа за период од 20.08.2021 до 04.09.2021 година. На ревизијата не и беа доставени докази дека е извршено повторно претходното попишување, заради потврдување на точноста и целосноста на податоците, како и докази за евентуално настанатите промени во периодот од 15.03.2021 до 20.08.2021 година кај оваа категорија на лица и
- не се изработени извештаи за извршеното попишување на наведените три категории на лица, што не е во согласност со Точка IV. од упатствата за начинот на попишување, каде е уредено дека овластените лица за попишување на крајот од извршениот попис потребно е да поднесат Извештај од извршеното попишување, со полно име и презиме и краток потпис, како потврда дека попишувањето е спроведено во согласност со законската и подзаконската регулатива.

  Податоците за овие лица се дел од вкупните податоци содржани во печатената и објавена Публикација и истите биле достапни по завршувањето на пописот.

Наведените состојби влијаат на можноста од потврдување на точноста и целосноста на податоците за овие категории на лица и тоа во однос на вкупниот број на попишани лица, времетраење на попишувањето, текот и евентуалните проблемите во текот на попишувањето како насоки за идно подобрување на процесот.

[6]- Упатство за начинот на претходното попишување на лицата во Служба на АРМ, донесено во соработка со Министерството за одбрана
- Упатство за начинот на претходното попишување на лицата во казнено поправните домови, донесено во соработка со Министерството за правда
- Упатство за начинот на претходното попишување на бездомниците, донесено во соработка со Министерството за труд и социјална политика

[7] Службен Весник на Република Северна Македонија број 73/2021

### *3.3.2. Теренско попишување*

За непречено вршење на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, во февруари 2021 година донесено е Методолошко - Техничкото Упатство и водич на учесниците во пописот за користење на Апликативното решение - Пописната Апликација, со цел да обезбеди примена на единствената пописната методологија и технологија, т.е. единствен начин на попишување на единиците на попис (лица, домаќинства и станови) со користење на апликативното решение за начинот на попишување односно пописна апликација, со рачни компјутери (лаптопи).

Учесници во пописот на терен, надлежни за организирање и спроведување на истиот се:

- Комисии за пописни реони,
- Државните инструктори,
- Реонските инструктори и
- Реонските попишувачи.

Теренскиот попис е организиран и спроведен на ниво на Пописен реон. Согласно одредбите од член 13 од Законот за попис, во Република Северна Македонија има 50 пописни реони кои се составени од една, две, а најмногу 3 општини, со кои се опфаќаат сите 80 општини во државата. Секој пописен реон има населени места (вкупно 1.781), определен број на пописни кругови (вкупно 1.781, кој како дел опфаќа најчесто од 50 до 100 домаќинства) и определен број на центроиди односно точки со кои се претставува зградата (објектот) која е предмет на попишување.
Република Северна Македонија е поделена на 8 (осум) Плански региони (Прилог број 2), кои служат за статистички, економски и административни цели.

Извршивме увид во документацијата на пописните реони, при што ги констатиравме следните состојби:

- ДЗС располага со ист вид на документација од секој пописен реон која е предадена со раздолжувањето на учесниците во пописот по неговото завршувањето, и тоа:
    - ✓ Контролник во хартиена форма од реонскиот попишувач, во кој се запишани адресите на кои е вршено попишување, со кој се следи евиденцијата на попишаните единици во пописниот круг,
    - ✓ Извештаи за реализираните активности, од државни и реонски инструктори и попишувачи, распределени по пописните реони,
    - ✓ Договори за дело со реонските инструктори и попишувачите и
    - ✓ Реверси за доделените лаптопи,
- во Извештаите за работење, како и од Извештајот за работа на Советот за статистика за 2021 година[8], наведени се низа проблеми со кои учесниците се

[8] Број 02-2/1 од 28.01.2022 година

соочувале во текот на спроведувањето на пописот: мал одзив на пријавени кандидати за попишувачи и инструктори, проблеми со апликативното решение на терен, проблеми со интернет конекцијата, хакерски напади, кражба на лаптопи. Имено, во периодот од 06.09.2021 до 10.09.2021 година односно веднаш по започнувањето на пописот, извршени се низа хакерски напади од различни ИП адреси, со цел да се наруши процесот на попис односно нападнат е системот за самопопишување, веб страницата на ДЗС и е-маил адресите на сите вработени. Поради зголемениот интензитет на овие напади посебно на 08.09.2021 година имало и прекин во попишувањето кој траел до 10.09.2021 година, што влијаело на достапноста и функционалноста на веб страната на ДЗС и е-маил адресите на вработените. Со допис бр.03-1309/1 од 13.09.2021 година ДЗС поднел пријава до Министерство за внатрешни работи, Сектор за компјутерски криминал и Дигитална форензика дека на 08.09.2021 година бил таргетиран апликативниот сервер за потребите на пописот и било оневозможено вршењето на пописот на населението, домаќинствата и становите, што влијаело врз динамиката на планираните пописни активности како и врз безбедноста на целокупните пописни податоци,

- вкупниот број како и бројот на реонските инструктори и попишувачи по одделните пописни реони е определен со Одлука[9] донесена од страна на директорот. Согласно Одлуката, вкупниот број на реонски инструктори изнесува 508, а на реонски попишувачи тој број изнесува 5.055, распределени по пописни реони.

  Со увид во исплатните листи констатиравме дека пописот е спроведен со помал број реонски инструктори и попишувачи во однос на планираните односно 505 реонски инструктори и 4.482 реонски попишувачи, што влијаело врз динамиката и обемот на активностите кои ги извршувале реонски инструктори и попишувачи, поради што дел од истите вршеле пописни активности во повеќе пописни кругови. Најголемо отстапување на бројот на реонски попишувачи кои учествуваат во пописот во однос на планираниот констатиравме во пописните реони со седиште во Општините Струмица, Тетово, Охрид, Кисела Вода, Карпош, Аеродром (детално во Прилог број 3),

- покрај учесниците во пописот (комисии за пописни реони, државни инструктори, реонски инструктори и реонски попишувачи), за секој Пописен реон биле ангажирани и 50 (педесет) лица за административно-техничко и финансиско-сметководствени активности, за кои исплатени се средства во износ од 1.729 илјади денари.

  Нивните надлежности во спроведувањето на процесот на пописот не се регулирани со одредбите на Законот за попис, поради што донесено е

[9] Одлука за утврдување на бројот и структурата на учесниците кои во пописот ќе бидат ангажирани во својство на реонски инструктори и реонски попишувачи, број 03-343/2 од 19.02.2021 година

Упатство за работа[10], со кое се уредени истите и тоа: водење на деловодна книга во која се запишуваат сите пристигнати и пратени документи, водење на финансиско-сметководствени работи, пополнување на податоци во пропишани обрасци, водење на записниците од состаноците на КПР, ракување со печат и штембил на КПР.

Имајќи ја предвид улога на овие лица во процесот на организација и спроведување на пописот, ревизијата укажува на потребата од законско уредување на нивното учество во процесот на попис како дел од КПР односно законско дефинирање на сите учесници и нивни надлежности во идни процеси на попис,

- во последните три денови од пописот овозможено е на лицата кои од разни причини не биле попишани (болест, не посетени од попишувач, отсутни за време на теренското попишување) да се попишат во соодветниот Пописен реон, во просториите каде биле сместени комисиите за пописни реони, од страна на реонските инструктори. Ваквата можност е уредена во Упатство за попишување во КПР, донесено од страна на директорот на ДЗС, кој начин на попишување не е предвиден во Законот за попис, што има влијание врз пописните активности.

### *3.3.3. Самопопишување*

Со цел прибирање на целосни, квалитетни и ажурни податоци за лицата-државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за време на пописот, согласно Законот за попис предвидено е самопопишување на посебна апликација, достапна на веб-страницата на ДЗС, во периодот од 01.03.2021 до 30.09.2021 година[11].

Во однос на набавката на софтверска апликација за самопопишување, со увид во доставената документација ги констатиравме следните состојби:

- иако во текот на 2019 година спроведена е постапка и извршена е набавка на софтверска апликација за реализација на Попис на населението, домаќинствата и становите, не е предвидена набавка на софтверска апликација за самопопишување на ова население, како обврска предвидена во член 8 од Законот за попис. Без вршење на попис на лицата-државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за време на пописот, пописот неможе да даде целосни и точни податоци за бројот на населението на Република Северна Македонија,
- иако во член 8 став 2 од Законот за попис е уредено дека самопопишувањето ќе се врши во периодот од 01.03.2021 до 30.09.2021 година, констатиравме дека

[10]Упатство за работа на лицата кои ќе водат административно-технички и финансиско-сметководствени работи во КПР, број 01-310/5 од 15.02.2021 година

[11] Закон за изменување и дополнување на Законот за Попис, 2021 година, Службен Весник на Република Северна Македонија број 73/2021 година

и во втората половина од месец февруари не е извршена набавка на софтверска апликација за самопопишување,

- на ден 25.02.2021 година склучен е Меморандумот за соработка[12] помеѓу ДЗС и фирмата изработувач на апликацијата, со кој на ДЗС е дадено ексклузивно, непреносливо право и употреба на софтверската апликација, што упатува на краток период за негова изработка,
- од страна на ДЗС на ден 26.02.2021 година упатени се барања[13] до фирмата изработувач на Апликацијата:
    - ✓ апликацијата да не дозволува попишување на лица со најава од уреди со IP адреси од Република Северна Македонија,
    - ✓ ЕМБГ за најава/регистрација на апликацијата и истиот да може да се внесе најмногу два пати и
    - ✓ сите национални класификации, кодни листи и модалитети на прашања да бидат само на македонски јазик,
- со изработувач на апликацијата на ден 26.02.2021 година склучен е Договор за користење на софтверска апликација[14] со важност до 30.09.2021 година, согласно кој во член 1 од договорот, ДЗС се обврзува во долната маргина на апликацијата да го истакне името на фирмата изработувач на апликацијата, со линк до нивната веб страна, како и да обезбеди референца за наведеното,
- на ден 28.02.2021 година извршено е примопредавање на софтверска апликација за самопопишување, со потпишување на Записник[15], со чие потпишување ДЗС потврдува дека апликацијата е функционална и одговора на потребите,
- апликацијата била достапна во период од 01.03.2021 до 30.09.2021 година на веб страна на ДЗС на 8 јазици[16] ,
- во дел II Вредност на договорот, во член 6 од Договорот е уредено дека давателот на софтверска апликација му ја дава истата на ДЗС без надомест, без притоа да се уреди дали станува збор за донација или спонзорство.
- Имено, во член 3 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, е уредено дека „*Спонзорство е доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги за конкретен проект или активност, кои овозможуваат директна корист на давателот како што се промоција на име, фирма и заштитен знак на давателот на спонзорството*“.

  Имајќи предвид дека ДЗС за цел период на спроведување на пописот го истакнува името на давателот на самата апликација, врши промоција на името, фирмата и заштитниот знак на давателот на апликацијата, и станува

[12] Број 03-374/1 од 25.02.2021 година
[13] Писмо/допис од ДЗС до фирмата изработувач на Апликацијата, број 23-18/2 од 26.02.2021 година
[14] Број 03-374/2 од 25.02.2021 година
[15] Записник за примопредавање на софтверската апликација, број 03-374/3 од 28.02.2021 година
[16] Македонски, албански, англиски, турски, српски, босански, влашки и ромски

збор за спонзорство, не е постапено согласно одредбите на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, и тоа во однос на:

- ✓ не е дефинирана целта на спонзорството, предвидена во член 11 од законот, каде е уредено дека спонзорство се дава на примателот на спонзорството за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за спонзорство,
- ✓ не е склучен договор помеѓу давателот и примателот на спонзорството во писмена форма, согласно со Законот за облигационите односи, предвидено во член 4 од законот, каде предметот на договорот мора да биде остварување на јавен интерес,
- ✓ не е побарано од Министерството за правда да издаде решение со кое ќе се потврди јавниот интерес на ова спонзорство, согласно член 21 од наведениот закон,

- во организацијата и спроведувањето на пописот учествува и Советот за статистика кој му дава мислење на директорот на ДЗС за содржината на Методологијата за пописот и пописните обрасци, за организационо-техничките мерки за заштита на податоците од пописот и за програмата за обработка и објавување на податоците од пописот. Констатиравме дека фирмата изработувач на апликацијата е управувана од лице кое во периодот од 25.05.2019 година[17] до 23.09.2020 година[18] е член на Советот за статистика, што може да влијае на неговите јавни овластувања и службени должности,
- истакнуваме дека за мерките, формите, техниките и начинот на запазување на безбедноста и тајноста на личните податоци од пописот при самопопишувањето, ДЗС има изработено Правилник[19] и
- Апликација не е евидентирана во деловните книги на ДЗС, што влијае врз веродостојната на податоците во Извештај за спроведениот попис на населението, становите и домаќинствата, доставен до Владата.

Наведените состојби упатуваат дека набавката на софтверската апликација како спонзорство, без спроведена постапка за јавна набавка не овозможува примена на начелото на конкуренција помеѓу економските оператори, имајќи предвид дека набавките на стоки, услуги и работи се вршат заради успешна реализација на целите на работењето на субјектите, на начин што ќе обезбеди најсоодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата примена.

[17] Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Северна Македонија, Службен Весник на Република Северна Македонија број 107/2019
[18] Допис од Собранието на Република Северна Македонија до Советот за статистика број 03-1008/3 од 23.09.2020 година
[19] Правилник за мерките, формите, техниките и начинот на запазување на безбедноста и тајноста на личните податоци од пописот, 2021 година, при попишувањето на единиците на пописот со самопопишување, Број 23-59/1 од 11.03.2021 година

### 3.3.4. *Стручни тела, работни групи и други учесници во спроведувањето на пописот*

Пописот е организиран и спроведен од страна на ДЗС, кој согласно член 16 од Законот за попис има обврска да се грижи за законитоста во подготовката, организацијата и спроведувањето, како и да врши надзор над работата на лицата - учесници во Пописот.

Поставеноста и организацијата на учесниците од ДЗС во пописот е следна:

- ***Биро за попис*** е стручно тело кое ги извршува стручните задачи на ДЗС во однос на подготовката, организацијата и спроведувањето на пописот. Формирано е во 2018 година со Решение[20] донесено од страна на Директорот на ДЗС, кое е дополнето 4 (четири) пати[21] и од 10 члена, со последното дополнување извршено на 26.02.2021 година, Бирото брои вкупно 15 члена. Неговото формирање е уредено во член од 17 став 2 точка 7 од Законот за попис,
- ***Штаб за попис*** е тело/работна група надлежно за координација на активностите во пописот, веб поддршка, стручно-методолошка поддршка и поддршка на апликација, техничка поддршка на системот, кол-центар и административно техничка поддршка за подготовката на договорите, овластувањата и легитимациите, формирано со Решение[22] донесено од директорот, со вкупно 35 членови. Формирањето на ова тело не е уредено со одредбите од Законот за попис. Со увид во решението, констатиравме дека дел од надлежностите на Штабот за попис се идентични со дел од надлежностите на некои од работните групи, како и дел од членовите во Штабот се членови и на тие работни групи,
- ***работни групи*** - за извршување на стручните работи за пописот формирани се 10 работни групи со Решение[23] донесено од страна на директорот на ДЗС кое е дополнето 3 пати поради зголемување на групите со нови членови.
  Со увид во решенијата констатиравме дека бројот на членови по работна група се движи од 5 до 19 члена, со тоа што има вработени кои се членови во неколку работни групи, како и вработени кои и покрај тоа што се именувани како државни инструктори се членови и на дел од останатите работни тела, Бирото за попис и Штабот за попис. Со ваквиот начин на ангажирање на дел од учесниците во пописот, како членови на повеќе работни групи и тела се создава ризик од навремена и целосна реализација на доделените надлежности.

[20] Решение за формирање на Бирото за Попис, Број 02-1807/1 од 25.06.2018 година
[21] Број 02-1478/3 од 21.09.2020 година, број 02-1478/4 од 23.09.2020 година, број 02-107/1 од 14.01.2021 година и број 02-373/1 од 26.02.2021 година
[22] Број 23-207/1 од 24.08.2021 година
[23] Број 02-1478/5 од 25.09.2020 година, Број 02-1478/6 од 06.10.2020 година и Број 02-108/1 од 14.01.2021 година

Со член 17 став 2 од Законот за попис е уредено дека учесниците во пописот за реализација на задачите поврзани со активностите на пописот, добиваат надоместок. Во март 2021 година донесен е правилник[24] со кој е уреден начинот и условите за исплата на **надоместоците** на учесниците во пописот.

Со увид во целокупната документација ги утврдивме следните состојби:

- во текот на 2021 година на учесниците во пописот исплатени се надоместоци во вкупен износ од 191.405 илјади денари, детално во табелата подолу:

во 000 денари

| Реден број | Учесници во попис | Износ на надоместок |
|---|---|---|
| 1 | Совет за статистика | 693 |
| 2 | Членови на Биро за попис, Штаб за попис и работни групи | 10.645 |
| 3 | Државни инструктори | 15.241 |
| 4 | Државни инструктори со договор за дело | 887 |
| 5 | Реонски инструктори и попишувачи | 146.263 |
| 6 | Членови на комисии за пописни реони | 15.948 |
| 7 | Членови за административно-технички и финансиско-сметководствени работи во комисии за пописни реони | 1.729 |
| 8 (од 1 до 7) | | 191.405 |

- надоместокот за членовите на Бирото за попис и работните групи формирани од Бирото за попис е пресметан врз основа на критериуми со определен број на бодови и тоа: за реализирана конкретна активност и за остварени дополнителни часови по редовното работно време и во деновите кога е викенд (саботи и недели), со утврдување на вредност за 1 бод.
  Истакнуваме дека критериумите се уредени со наведениот правилник, додека висината и вредноста на бодовите е уредена со акт донесен од страна на директорот без негово парафирање, што влијае врз начинот на определување на бодот како и врз висината на надоместоците,
- надоместокот за членовите на Штабот за попис е пресметан врз основа на критериуми со определен број на бодови, со утврдување на вредност за 1 бод. Истакнуваме дека критериумите не се уредени во наведениот правилник, како ни вредноста на бодовите, додека надоместоците се исплаќани врз основа на посебни решенија донесени од страна на директорот, што создава можност за субјективно определување на висината на бодовите, а со тоа и на висината на надоместоците,

[24] Правилникот за утврдување на начинот и поблиските услови за утврдување на надоместокот за извршените работи на учесниците во пописот, број 01-310/8 од 04.03.2021 година

- **државните инструктори** од редот на вработените се избрани со Решение за избор[25]. Согласно решението нивниот број изнесува 137, додека согласно исплатните листи за надоместоци, нивниот број е 147 државни инструктори, што упатува дека не се донесени измени и дополнувања на Решението за избор за 10 (десет) државни инструктори односно нивното ангажирање е со овластување дадено од страна на директорот. ДЗС има донесено правилник за начин и услови за утврдување на надоместокот на државните инструктори[26], со кој се уредени критериуми со определен број на бодови, без да се утврди вредноста за 1 бод. Со увид во исплатните листи констатиравме дека на државните инструктори исплатени се надоместоци во вкупен износ од 16.128 илјади денари,
- **реонските инструктори и реонските попишувачи** [27] се избрани и именувани по
  спроведен јавен конкурс и тестирање на пријавените кандидати. Констатиравме дека во пописот 2021 учествувале 505 реонски инструктори и 4.482 реонски попишувачи и
- исплатени се надоместоци во износ од 952 илјади денари на дел од вработените во ДЗС кои ги извршувале работните задачи на вработените кои биле ангажирани на активностите за пописот, во поединечен износ од 8 односно 10 илјади денари, без донесување на интерен акт со кој ќе бидат уредени условите, висината и начинот на исплата на истите.

Ваков начин на формирање на стручни тела и работни групи во пописот, без законско регулирање на дел од истите, без прецизно утврдување на бројот на членови, критериуми, услови и висина на надоместоците, влијае на потврдување на реалноста и објективноста на исплатените надоместоци.

### 3.4. *Финансирање на пописот*

Ревизијата го опфати финансирањето на подготовката, спроведувањето, обработката и објавувањето на резултатите од пописот, при што ги констатира следниве состојби:

- Финансискиот план за попис 2021 година е донесен од страна на Бирото за попис во март 2021 година во износ од 522.751 илјади, иако констатиравме дека исплатата на средства за активности поврзани со пописот е отпочната во 2019 година и голем дел од средствата над 42% се исплатени во 2020 година, што упатува на исплата на средства без усвоен Финансиски план за попис 2021, претставено по години на графикон подолу:

[25] Број 23-183/1 од 13.08.2021 година
[26] Правилник за пропишување начин и поблиски услови за утврдување на надоместокот за извршените работи на државните инструктори, број 01-310/7 од 04.03.2021 година
[27] Член 29 став 4 и член 30 ставовите 4, 5 и 6 од Законот за попис




Истакнуваме дека во Буџетот на ДЗС за 2019, 2020 и 2021 година изработен е Финансиски план за програма 30–Попис, одобрен од страна на министерството за финансии,

- Финансискиот план е усвоен на седница на Бирото за попис[28], одржана на 03.03.2021 година, без присуство на заменик директорот на ДЗС како и без одобрување со парафирање од негова страна, што не е во согласно член 17 став 4 од Законот за попис, односно истиот е одобрен само од страна на директорот на ДЗС,
- согласно член 47 од Законот за попис ДЗС треба да поднесе извештај до Владата за реализирањето на средствата за организирање, подготовка и спроведување на пописот, во рок од шест месеци од завршувањето на пописот. Констатиравме дека на 30.05.2022 година доставен е Извештај за реализација на финансиските средства за спроведување на пописот[29] до Министерството за финансии за мислење, како и до Владата во законски утврдениот рок. Поради добиен Допис[30] од Министерството за финансии за коригирање на дел од реализираните финансиските средства, доставен е коригиран Извештај до Владата, кој е разгледан на ден 23.08.2022 година[31] како материјал за информирање,
- од вкупно одобрените средства со Законот за попис во висина од 522.751 илјади денари, потрошени се средства во износ од 479.111 илјади денари, разликата од 43.640 илјади денари се вратени во Буџетот на Република Северна Македонија. Најголемо учество од над 49% имаат расходите за набавка на опрема – лаптопи и 40% учество на надоместоците за учесниците во спроведување на пописните активности, детално во графиконот подолу.

[28] Записник број 02-1650/2 од 10.11.2021 година
[29] Број 01-1041/1 од 30.05.2022 година
[30] Број 01-1041/3 од 29.08.2022 година
[31] Број 41-4960/1 од 23.08.2022 година




- извршивме анализа на планираните и реализираните активности, детално во табелата подолу:

| Р.бр. | Активност | Финансиски план | Реализација | | | | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (4+5+6) | 8 (3-7) |
| I | **Подготовка на Пописот** | **14.544** | **8.673** | **-** | **9.650** | **18.323** | **-3.779** |
| I/1 | Кампања за популаризација на Пописот | 5.121 | | | 9.441 | 9.441 | -4.320 |
| I/2 | Подготовка на пописните инструменти (пописна апликација) | 8.923 | 8.673 | | 187 | 8.860 | 63 |
| I/3 | Легитимации за идентификација и трошоци за превод | 500 | | | 22 | 22 | 478 |
| II | **Организација на теренски активности** | **236.106** | **-** | **-** | **218.946** | **218.946** | **17.160** |
| II/1 | Инструктажа за државни инструктори и лица за административно-техничка поддршка | 2.471 | | | 721 | 721 | 1.750 |
| II/2 | Инструктажа во КПР | 29.355 | | | 16.820 | 16.820 | 12.535 |
| II/3 | Избор, тестирање и селекција на учесници | 892 | | | 106 | 106 | 786 |
| II/4 | Теренски активности (патни и дневни трошоци) | 19.722 | | | 9.522 | 9.522 | 10.200 |
| II/5 | Надоместоци за спроведување на пописните активности на учесниците во Попис | 183.666 | | | 191.777 | 191.777 | -8.111 |
| III | **Активности за обработка на податоците од Пописот -Опрема и лаптопи** | **232.009** | | **204.054** | **32.115** | **236.169** | **-4.160** |
| IV | **Материјални трошоци за сите фази на Пописот** | **1.520** | | | 1.289 | **1.289** | **231** |
| V | **Материјални трошоци за КПР** | **2.737** | | | 2.331 | **2.331** | **406** |
| VI | **Непредвидени трошоци** | **35.835** | | | 2.053 | **2.053** | **33.782** |
| ВКУПНО: | | 522.751 | 8.673 | 204.054 | 266.384 | 479.111 | |

Од извршената анализа констатиравме дека дел од активностите во вкупен износ од 212.727 илјади денари односно над 40% се реализирани во текот на 2019 и 2020 година пред донесувањето на финансискиот план и тоа:

- ✓ набавка на пописната апликација во износ од 8.673 илјади денари и
- ✓ информатичка опрема – лаптопи во износ 204.054 илјади денари,

- за дел од активностите на пописот реализирани се повеќе средства од планираните во вкупен износ од 16.591 илјади денари и тоа:
  - ✓ Кампања за популаризација на пописот во износ од 4.320 илјади денари,
  - ✓ Надоместоци за учесниците во попис во износ од 8.111 илјади денари, кои средства се исплатени поради одложувањето на пописот за септември 2021,
  - ✓ Опрема и лаптопи во износ од 4.160 илјади денари.

Наведените состојби упатуваат на спроведување на активности кои имаат влијание врз транспарентноста и ефикасност во планирањето и исплатата на финансиските средства за постапката на попис.

Истакнуваме дека потребно е одговорните лица во ДЗС да вршат навремено донесување на финансиски план заради непречена реализација на определена програма, а доколку настанат измени во неговата реализација да преземат активности за негово изменување и дополнување во постапка уредена со закон.

### 3.5. *Постапки за јавни набавки спроведени за потребите на пописот, 2021 година*

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата за потребите на пописот со одредбите на Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот на спроведување на сите постапките за јавни набавки и тоа 1 (една) постапка спроведена во 2019 година, 2 (две) постапки спроведени во 2020 година и 9 (девет) постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки на стоки и услуги за потребите на пописот, од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата.
Вкупната вредност на склучените и реализираните договори е во износ од 237.905 илјади денари, што претставува 43% од вкупниот износ на финансиски средства од Финансискиот план[32].

Од увидот и анализата на приложената документација за планирањето, спроведувањето на постапките за јавни набавки[33] и нивната реализација го

[32] Вкупниот износ на Финансискиот план за Пописот изнесува 522.751 илјади денари

[33] 12 (дванаесет) постапки за јавна набавка на стоки и тоа: Набавка на лаптопи, 2 Набавки на канцелариски материјали и тонери, Набавка на средства за заштита од Ковид 19 и Набавка на Брендирани маици и Набавка на Апликативно решение за пробен Попис и Попис, 2021 година како и Набавка на услуги: изнајмување на Клауд услуги, 2 набавки на услуги-медиумски кампањи, Набавка на печатарски услуги и 2 Набавки на осигурителни услуги

утврдивме следново:

- одлуките за јавна набавка не содржат образложение за потребата од набавка, што не е во согласност со одредбите од член 77 став 3 од Законот за јавните набавки. Добивме усно образложение дека станува збор за техничка грешка во образецот на одлуките за јавни набавки,
- во одлуките за јавни набавки е наведено дека КЈН спроведува Технички дијалог со економските оператори, согласно со член 76 од Законот за јавните набавки. Констатиравме дека КЈН во ниту една од спроведените постапки за јавна набавка нема спроведено Технички дијалог со економските оператори. Добивме усно образложение дека станува збор за техничка грешка во образецот на одлуките за јавни набавки,
- Изјави за непостоење на судир на интереси имаат потпишано само оние членови од КЈН кои учествувале на јавното отворање, при евалуацијата на понудите и изработката на Извештаите од спроведените постапки, што не е во согласност со одредбите од член 38 од Законот за јавните набавки во кој е наведено дека претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на КЈН, како и одговорното лице потпишуваат Изјави за непостоење судир на интереси. Исто така, извештаите од спроведените постапки и давањето на предлог за избор на најповолна понуда не се потпишани од сите членови на КЈН, туку само од оние членови кои ја спроведувале постапката за јавна набавка, што не е во согласност со член 109 став 8 од Законот за јавните набавки.

Наведените состојби имаат влијание врз транспарентноста на спроведувањето на постапките за јавни набавки.

### *3.5.1. Набавка на Информатичка опрема (5.650 Лаптопи)*

Примената на комбинираниот метод на попишување наметна одредени услови и решенија кои се од есенцијална важност за целосно заокружување на процесот на подготовка на пописот. Комбинираниот метод на попишување значи примена на нова технологија на попишување со помош на преносни компјутери (лаптопи), поради што спроведена е постапка за јавна набавка за набавка на информатичка опрема 5.650 идентични лаптопи, по која со избраниот економски оператор, како единствен понудувач склучен е Договор за јавна набавка на лаптопи[34] на 02.09.2020 година, во износ од 199.498 илјади денари.

Со увид во документацијата од спроведената постапка и реализацијата на истата, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во дел III од договорот за јавна набавка е уреден рокот и начинот на испораката на лаптопите, согласно кој вкупниот број на лаптопи треба да бидат испорачани најкасно до 22.10.2020 година. На ден 04.11.2020 година од страна на

[34] Број 05-1222/9 од 02.09.2020 година

избраниот понудувач доставен е допис[35] до ДЗС, со кој известува дека ќе доцни со испораката.

Од увидот во испратниците констатиравме дека испораката била сукцесивна, односно на 05.11.2020 година[36] испорачани се првите 50 лаптопи, на 11.12.2020 година 4.264 парчиња лаптопи[37] и на 18.12.2020 година 1.336 парчиња лаптопи[38], што не е во согласност со член 4 од Договорот за јавна набавка на лаптопи, каде е уредено дека рокот за испорака на информатичката опрема изнесува најмногу 50 дена. И покрај тоа што во член 17 од наведениот договор е уредено дека рокот за испорака може да биде продолжен со писмено барање на понудувачот и писмена согласност на ДЗС, констатиравме дека за продолжување на рокот на испорака не е постапено на начин утврден во наведениот договор,

- во дел IV од договорот за јавна набавка е уреден начинот и рокот на плаќање на лаптопите, согласно кој во текот на 2020 година треба да се изврши плаќање во износ од 42.000 илјади денари, а преостанатите средства во износ од 147.998 илјади денари, (без ДДВ) треба да се исплатат во 2021 година. На ден 25.11.2020 година со склучување на анекс[39] кон договорот извршена е измена на роковите за плаќање со што ДЗС се обврзува плаќањето да го изврши до крајот на 2020 година, со образложение дека ДЗС има обезбедени средства со ребалансот на буџетот. Плаќањето е извршено во декември 2020 година, во вкупен износ од 199.498 илјади денари,
- документите поврзани со примопредавањето на лаптопите се потпишани од страна на директорот[40], на ден 18.12.2020 година, со кои е потврдено дека испорачаната информатичка опрема-лаптопи одговара квантитативно и квалитативно на утврдените услови од договорот, како и испратниците со записници за испорака на опрема, што не е во согласност со член 6 од договорот, каде е уредено дека за потребите за набавката ќе се формира работна група со задолжение да изврши технички прием на лаптопите во однос на нивниот квалитативен и квантитативен прием,
- согласно член 1 од Одлука за формирање на Национален совет за информациски и комуникациски технологии[41], Националниот совет за ИКТ при Владата е надлежен орган за давање мислења по технички спецификации

[35]Број 05-1222/11 од 04.11.2020 година
[36] Испратница број 1 број 05-1222/13 од 05.11.2020 година и Записник за испорака на опрема број 05-1222/12 од 05.11.2020 година
[37] Испратница број 2 број 05-1222/16 од 11.12.2020 година и Записник за испорака на опрема број 05-1222/17 од 11.12.2020 година
[38] Испратница број 3 број 05-1222/19 од 18.12.2020 година и Записник за испорака на опрема број 05-1222/18 од 18.12.2020 година
[39] Број 05-1222/14 од 25.11.2020 година
[40] Потврда од 18.12.2020 година
[41]Одлука за формирање на национален совет за информациски и комуникациски технологии, Службен весник на Република Северна Македонија, број 200/2019

на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што како предмет на набавка е ИКТ опрема и/или софтвер, чија што вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност. Иако ДЗС има доставено Барање[42] до Националниот совет за ИКТ одговор не е добиен, поради што постапката за јавна набавка на лаптопи е спроведена врз основа на техничка спецификација за која не е добиено мислење. ДЗС има добиено позитивно мислење[43] во однос на техничката спецификација од МАСИТ - Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии за условите за докажување на способност во делот на Стандарди за системи за квалитет (ИСО 9001, ИСО 20000, ИСО 22301 и ИСО 27001).

Истакнуваме дека ДСЗ има доставено барање за мислење и до Владата[44]. Од страна на Владата доставен е допис број 44-17/45 од 22.04.2020 година, согласно кој Владата одобрува да се изврши набавката на лаптопите,

- по целосната реализација на договорот, со истиот избран понудувач склучени се 3 анекси кон договорот во вкупен износ од 30.255 илјади денари без спроведување на постапка за јавна набавка, во кои е наведено дека истите се склучуваат со заедничка согласност на двете договорни страни, за кои ги констатиравме следните состојби:
  - ✓ на ден 22.12.2020 година склучен е анекс кон основниот договор[45] за набавка на 5.650 ДАТА СИМ Картички, во износ од 2.062 илјади денари без ДДВ, за користење на интернет услуги со вклучен минимум 30 GB интернет,
  - ✓ на ден 02.03.2021 година склучен е вториот анекс кон основниот договор[46] за набавка на услуги - подготовка на деловно решение за клауд услуги за период од 2 месеци, иако основниот договор е за набавка на стоки во износ од 24.367 илјади денари,
  - ✓ поради одложување на пописот за месец 09.2021 година, на ден 17.06.2021 година склучен е третиот анекс[47] за набавка на услуги - користење на ДАТА СИМ картичките за дополнителни 15 дена во износ од 811 илјади денари како и во однос на деловно решение за клауд услуги кое е проширено со плус дополнителни функционалности[48], со кој износот од 24.367 илјади денари предвидени со вториот анекс договор е коригиран на износ од 27.382 илјади денари,

[42] Број 05-361/1 од 10.02.2020 година
[43] Број 03-1198/2 од 09.07.2020 година
[44] Број 05-341/5 од 08.04.2020 година
[45] Анекс 2 број 05-1222/21 од 22.12.2020 година
[46] Анекс 3 број 05-339/8 од 02.03.2021 година
[47] Анекс 4 број 05-339/16 од 17.06.2021 година
[48] Проширени функционалности на деловното решение за облак, за дополнителен Микрософт 365-Ф3-Хостинг на бизнис класа е-пошта-5650 за период од 2,5 месеци

- во однос на Банкарската гаранција доставена од страна на избраниот понудувач за квалитетно извршување на договорот, ги констатиравме следните состојби:
  - ✓ банкарската гаранција е со важност од 02.09.2020 година до 24.09.2021 година односно за периодот на реализација на договорот. Иако се склучени 3 анекс договори со реализација во 2021 година, носителот на набавката има доставено банкарска гаранција само за третиот анекс, што не е во согласност со член 102 став 7 од Законот за јавните набавки, каде е уредено дека во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот,
  - ✓ набавените лаптопи се евидентирани во материјалната и финансиската евиденција во износ од 199.498 илјади денари. По завршување на активностите на пописот 2021 година, најголем дел од лаптопите се отстапени на државни институции кои имаат потреба од информатичка опрема со спроведување на постапка согласно Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Од увидот во документацијата констатиравме дека отстапувањето е започнато на ден 09.11.2021 година и заклучно со 17.01.2023 година, отстапени се 4.900 лаптопи и за 300 лаптопи постапката е во тек. Отстапувањето се врши со склучување на договори за трајно користење на движни ствари без надомест помеѓу ДЗС и државните органи. Со увид во договорите утврдивме дека ДЗС ја доставува вредноста на лаптопите во моментот на нивното давање заради нивно евидентирање во другите државните органи,
- склучени се два договори за осигурување со ист понудувач[49] при што потпишани се две полиси за осигурување, првата со важност од 16.03.2021 до 30.04.2021 година, а втората од 18.08.2021 до 18.08.2022 година. Од увидот во важноста на полисите за осигурувањето, констатиравме дека има прекин во осигурувањето на лаптопите односно истите не биле осигурени во период од 18.12.2020 година до 16.03.2021 година и од 30.04.2021 година до 18.08.2021 година, што создава ризик од неможност за покривање на штета во случај на нарушување на безбедноста на лаптопите. Истакнуваме дека за сите оштетени лаптопи, надоместена е штетата од страна на осигурителната компанија.

Ваков начин на спроведување на постапката за јавна набавка, со склучување на анекси на основниот договор со кои се менуваат условите и роковите за реализација на договорот и времето на плаќање предвидени во тендерската документација, без соодветен прием на лаптопите, без спроведување на соодветна постапка за јавна набавка, непочитување на роковите за реализација на договорот, недоставување на

[49] Број 05-303/6 од 16.03.2021 година и Број 05-1020/7 од 18.08.2021 година

банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот за цело времетраење на договорот, без целосно осигурување на информатичката опрема-лаптопи, не обезбедува целосна транспарентност на постапката и не овозможува конкуренција помеѓу економските оператори заради економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства.

### *3.5.2. Информирање на населението за целите и значењето на пописот, 2021 година - Медиумска кампања*

Заради обезбедување целосно и навремено информирање на населението во РСМ за целите и задачите на пописот, начинот и постапките на попишување, како и нивните права и обврски како граѓани на РСМ[50], ДЗС има спроведено две постапки за јавни набавки за услуги за медиумска кампања.

Со увид документацијата од спроведувањето на постапките за јавна набавка на услуги - медиумска кампања, ревизијата го констатира следново:

- за кампања за популаризација на пописот потрошени се средства во вкупен износ од 7.315 илјади денари, што е повеќе од планираните за оваа намена во Финансискиот план за попис во износ од 2.284 илјади денари,
- првата постапка е спроведена со преговарање без објавување на оглас врз основа на донесена Одлука од 11.02.2021 година[51] и на ден 26.02.2021 година склучен е договор[52] за јавна набавка на вкупен износ од 3.623 илјади денари,
- пред спроведување на постапката, ДЗС се има обратено до Бирото за јавни набавки со Барање[53] за мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас. И покрај тоа што добиен е одговор дека не се исполнети условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, истата е спроведена, што не е во согласност со член 55 став 5 од Законот за јавните набавки, во кој е уредено дека договорниот орган ја започнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање претходно мислење од Бирото за јавни набавки,
- втората постапка за јавна набавка е спроведена со поедноставена отворена постапка врз основа на донесена Одлука за јавна набавка на ден 11.06.2021 година[54] и во јули 2021 година склучен е договор за јавна набавка со истиот избран понудувач на износ од 3.625 илјади денари[55],
- исто така, исплатени се средства во износ од 67 илјади денари за организирање на настан, согласно член 40 од Законот за јавните набавки, без да спроведе постапка за јавна набавка,

[50] Член 45 од Законот за попис, 2021 година
[51] Број 05-288/1 од 11.02.2021 година
[52] Број 05-288/19 од 26.02.2021 година
[53] Број 05-219/1 од 01.02.2021 година
[54] Број 05-874/1 од 09.06.2021 година
[55] Број 05-874/11 од 16.07.2021 година

- и во двете постапки, техничките спецификации кои се прилог кон тендерските документации не содржат количина и вредност по одделни позиции, а финансиската понудата содржи една позиција, поради што економските оператори имаат можност да доставаат финансиска понуда за целиот предмет на набавка односно за цела медиумска кампања, што не е во согласност со член 82 став 1 од Законот за јавните набавки, каде е уредено дека предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган и
- во понудата избраниот понудувач има доставено своја спецификација со количини и вредност и истата содржи повеќе позиции и ставки од предвидените во техничката спецификација, поради што позициите од понудата не можат да се усогласат со позициите од техничката спецификација, што не е во согласност со член 105 став 1 од Законот за јавните набавки, во кои е уредено дека понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Ваквиот начин на спроведување на постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас, без претходно обезбедување на позитивно мислење од страна на Бирото за јавни набавки и доставување на понуди кои не се усогласени со техничките спецификации, не овозможува транспарентност како и конкуренција помеѓу економските оператори.

### *3.5.3. Набавка на средства за заштита од КОВИД-19*

Со цел минимизирање на ризикот од трансмисија на заболувањето КОВИД-19 на сите учесници во текот на пописот, Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство има изработено Протокол за превентивни мерки при спроведувањето на пописот[56].

Во Планот за јавни набавки за 2021 година, донесен во јануари 2021 година, не е предвидена постапка за набавка на средства за заштита од КОВИД 19. ДЗС во месец 03.2021 година во три наврати има набавено средства за заштита од КОВИД-19 во вкупен износ од 1.220 илјади денари со вклучен ДДВ, без спроведување на постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 75 од Законот за јавните набавки каде е уредено дека договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи.

Со увид во Финансискиот план за пописот и Извештајот за реализација на финансиските средства за спроведување на пописот, констатиравме дека средствата за оваа намена се исплатени од ставката за непредвидени трошоци. Наведената состојба упатува на непочитување на начелата на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства, предвидено во член 4 од Законот за јавните набавки.

[56] Број 09-1240/6 од 24.02.2021 година

Со измената на Планот за јавни набавки за 2021 година донесена во јуни 2021 година, предвидена е постапка за набавка на средства за заштита од КОВИД 19, по која набавени се средства за заштита во износ од 688 илјади денари.
Истакнуваме дека ДЗС има добиено донација во март 2021 година во средства за заштита од КОВИД-19 од една фармацевтска компанија.

Препорака:

Одговорните лица во ДЗС да преземат мерки и активности:

- одлуките за јавна набавка да содржат образложение за потребата од набавка, како и сите потребни информации за набавката односно предмет на набавката, износ и извор на средства потребни за реализација на договорот, начин и постапка за јавна набавка и се назначува состав на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно,
- изјавите за непостоење судир на интереси да бидат потпишани од страна на претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице, додека записниците од отворање на понудите и извештаите од спроведените постапки од сите членови на комисијата за јавна набавка,
- пред спроведувањето на постапките за јавни набавки навремено да бидат обезбедени сите неопходни мислења и други документи од надлежни институции, согласно потребните барања од постапката,
- кога банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на предметот на набавка е предвидена во постапката за јавна набавка навремено да се обезбеди, со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка,
- при изработката на техничката документација, предметот на набавка да биде опишан на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени во тендерската документација,
- реализацијата на договорите за јавни набавки да се врши согласно одредбите од истите,
- анекси кон договорите да бидат склучени согласно соодветна постапка за јавна набавка и
- договорите со кои ДЗС дава опрема на трајно или времено користење на други државни органи да содржат вредност на опремата.

## Основ за изразување на заклучок

Вкупниот ефект од изнесените наоди искажани во точката 3., кои се основ за изразување на заклучокот, се однесуваат на донесувањето на дел од подзаконските и интерните акти, состојбите во однос на претходното и теренското попишување и самопопишување и учесниците во пописот и нивните надоместоци, како и состојбите утврдени во однос на финансирањето на пописот.

## 4. Ревизорски заклучок

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека освен за состојбите во однос на: начинот на донесување на дел од подзаконските и интерните акти, периодот на извршување на претходното попишување на одделни категории на лица, бројот на учесниците во пописот во однос на планираниот број, начинот и висината на утврдување на дел од надоместоците, периодот за кој е донесен финансискиот план како и утврдените состојби во однос на јавните набавки, Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година е во согласност, во сите материјални аспекти со одредбите од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, подзаконските и интерните акти донесени за подготовка, организирање и спроведување на истиот.

## 5. Останати прашања

Во член 10 од Законот за државната статистика е уредено основањето на Совет за статистика, како стручно советодавно тело на државната статистика, кое е составено од претседател и 13 членови кои ги именува и разрешува Собранието. Согласно член 12 од наведениот закон, Советот има донесено Деловник за својата работа[57] со кој е уреден начинот на работа на Советот и други прашања од значење за неговата работа. Во член 21 од Деловникот уредено е дека Совет за статистика донесува акти односно мислења, извештаи, предлози и одлуки од страна на Советот, согласно кој донесени се одлуки за утврдување на надоместокот за работа на претседателот, членовите и секретарот на Советот за статистика на Република Северна Македонија[58] како и за лица од ДЗС, за учество во работата на Советот[59]. За нивните работни активности во пописот 2021 година, исплатени се средства во износ од 693 илјади денари.

Истакнуваме дека претседателот и членовите во Советот се избрани и именувани лица од Собранието, за кои во Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија[60], во делот Надоместоците за определени материјални трошоци и други примања на избраните и именуваните лица во Републиката, уредени се надоместоците за избраните и именуваните лица во Републиката, додека за лицата вработени во ДЗС правото на надоместоци е уредено со Законот за административни службеници како и во Законот за државната статистика, каде не е уредено правото на наведениот надоместок.

[57] Број 02-10/1 од 25.12.2019 година
[58] Број 02-15/1 од 25.12.2019 година
[59] Број 02-12/2 од 25.12.2019 година
[60] Службен весник на СРМ број 36/1990, Службен весник на Република Македонија број 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/2018

Во член 11 став 6 од Закон за државната статистика е уредено дека ....„*финансиските средства неопходни за работа на Советот се обезбедуваат во рамките на средствата за работа на ДЗС*“....., ревизијата укажува на потребата од допрецизирање на наведениот член во насока на дефинирање на намените за кои овие финансиските средства треба да се предвидуваат и исплатат како и начинот на утврдување на висината на истите.

Република Северна Македонија
**Државен завод за статистика**

МАКСТАТ

Бр. 03-527/2

Дата 10.03.2023, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 13.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 11-296/4 | | |

**До**
**Државен завод за ревизија**

**Г.Максим, Ацевски, Главен државен ревизор**

**Скопје**

**Предмет:Доставување на Забелешки по Нацрт Извештај**

Почитуван г.Ацевски,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Забелешки по Нацрт Извештај за извршената ревизија на усогласеност „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија,2021 година“ под бр.03-527/1 од 10.03.2023 година, на ваше натамошно постапување.

Со почит,

.Директор
Апостол Симовски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR I STATISTIKËS
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**Државен завод за статистика**

МАКСТАТ

Бр. 03 – 527/1

Дата 10.03.2023 Скопје

**До**

**Државен завод за ревизија**
**Главен Државен ревизор м-р Максим Ацевски**

**Скопје**

Предмет: Забелешки по Нацрт-извештајот за извршената ревизија на усогласеност „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година“

## Генерална забелешка

Цениме дека во Нацрт-извештајот недостасува една генерална констатација која државните ревизори требаше да ја нотираат, а тоа е дека Законот за Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија,2021 година („Службен весник на РСМ“ бр. 19/21 и 74/21), во натамошниот текст: Закон за Попис, е донесен во месец јануари 2021 година (25.01.2021 година), при што беше утврден термин за спроведување на Пописот од 01.04.2021 година. Тоа значи дека периодот за подготовка согласно со Законот изнесуваше два месеца. Во тие два месеца Државниот завод за статистика требаше да ги спроведе неопходните набавки (кои зависат од Законот за Пописот), да ги донесе сите подзаконски акти (методологија, правилници и упатства и др. акти), да ги формира комисиите за пописните реони (вкупно 50), со вкупно околу 400 членови и внатрешно да ја устрои организацијата на Заводот за потребите од спроведување на Пописот. Воедно во тој период требаше да изврши и избор на попишувачи и инструктори, како и да организира и да спроведе обука на сите учесници во Пописот. Благодарение само на големото искуство на менаџментот и вработените на Заводот, во тие два месеца беа реализирани потребните активности (подоцна одложени за месец септември 2021 година). Исто така,

државните ревизори не го наведуваат и фактот дека Пописот се организира и се спроведе во услови на глобална пандемија причинета од вирусот КОВИД-19. Пандемијата изискуваше и преземање дополнителни активности од Заводот за заштита на своите вработени, но и на сите други учесници во Пописот (попишувачи и инструктори, членови на КПР и др.), но и на самото население кое беше попишувано, како и одредени набавки на средства за дезинфекција.

За илустрација само наведуваме дека согласно со меѓународната статистичка пракса во однос на спроведувањето на пописите на населението, законот за пописот вообичаено се донесува најмалку една година пред започнувањето на спроведувањето на пописот. Примерите од претходните пописи во нашата држава го потврдуваат тоа.

**Конкретни забелешки**

**3. Наоди и препораки**

**3.1. Внатрешни контроли**

Државниот завод за статистика во целост се согласува со дадените констатации и при спроведување на наредните пописи ќе ги има предвид дадените укажувања.

**3.2. Правна рамка**

Цениме дека во потточка 3.2.1. треба да се потенцира она што е дадено во делот *Генерална забелешка* и што се однесува на периодот од донесувањето на Законот за Пописот до датумот на започнување на Пописот.

Дадената констатација во врска со член 17 став 3 од Законот за Пописот цениме дека е престрога. Имено, сите најважни подзаконски акти во врска со Пописот (Методологија за Пописот, правилниците и упатствата) се донесени со претходно парафирање од страна на директорот и на заменикот на директорот. Во текот на ревизијата потенциравме дека

наведената одредба имаше за цел да ја зајакне довербата помеѓу двете најголеми заедници во Република Северна Македонија (македонската и албанската) за спроведување на Пописот и резултатите од него. Фактот дека по подолго време резултатите од спроведениот Попис не беа оспорувани од ниедна заедница во нашата држава говори дека целта што се сакаше да се постигне со наведената одредба беше постигната.

Исто така, потенцираме дека толкувањето на постапката за парафирање дадена од државните ревизори, на сите акти поврзани со Пописот, без притоа да има измена на поголем број закони и други правилници, немаше да биде возможна, односно формално правно основана.

**3.3. Подготовка, спроведување, обработка и објавување на резултатите од Пописот 2021**

**3.3.1. Претходно попишување на одделни категории лица**

Државниот завод за статистика нема забелешки по дадените констатации.

**3.3.2. Теренско попишување**

Во однос на лицата за административно-технички и финансиско-сметководствени активности, потенцираме дека во Законот за Пописот во член 26, став 1, алинеја 6 е наведено дека во Пописот учествуваат и други учесници, во кои се опфатени и наведените лица. Улогата и положбата на наведените лица согласно со наведената основа, натаму е регулирана со подзаконските акти на Заводот (Правилникот за начинот и поблиските услови за утврдување на надоместоците за извршените работи на учесниците во Пописот и Упатството за нивната работа).

**3.3.3. Самопопишување**

Државниот завод за статистика нема забелешки по дадените констатации.

### 3.3.4. Стручни тела, работни групи и други учесници во спроведувањето на Пописот

Во однос на релацијата Биро за Попис - Штаб за Попис, потенцираме дека таков начин на организација е применуван и во претходните пописи и законското решение во Законот за Пописот, 2021 година е истото како што било и во претходните пописи (од 1991 година до Пописот во 2021 година), уредувано со претходно донесените закони за пописите. Притоа, потенциравме дека се работи за исто тело – Биро за попис, кое во периодот на спроведувањето на Пописот се преименува во Штаб за попис.

Во однос на членувањето на дел од вработените истовремено во различни работни групи и се именувани како државни инструктори, потребно е да се има предвид дека Пописот како најмасовна статистичка акција изискува ангажирање поголем број вработени. Притоа, треба да се има предвид и дека тековниот работен процес не може да престане и планираните статистички истражувања мора да се спроведат и да се објават статистички податоци, согласно со утврдениот Календар на навременост. Но, имајќи ја предвид тешката кадровска состојба во Заводот, неопходно беше вклучување на одреден број вработени лица во повеќе работни групи. Во таа смисла, Заводот има огромно искуство за превенирање на ризикот од навремена и целосна реализација на доделените надлежности. Потенцираме дека Пописот беше успешно спроведен, а сите тековни активности и статистички истражувања беа редовно и навремено реализирани.

Во однос на утврдување на надоместоците на Бирото за Попис и работните групи, дадената констатација дека актот кој го донел директорот не е парафиран сметаме дека е неоснована, од причини што и претходно ги наведовме, односно правилото за парафирање беше воведено со цел да се зајакне довербата во спроведувањето на Пописот. Ако се вршеше парафирање на сите документи (општи акти и поединечни акти), организацијата и спроведувањето на Пописот ќе беа оневозможени, а во најмала рака и забавени. Државниот завод за статистика цени дека


Република Северна Македонија
Државен завод за статистика
Даме Груев 4
1000, Скопје
Тел.: 02 3295 600
www.stat.gov.mk

постапката за утврдување и исплата на надоместоците беше транспарентна и со обезбедени финансиски средства во буџетот за Пописот, односно за секоја исплата беа донесувани решенија за исплата на истите.

**3.4. Финансирање на Пописот**

Точна е констатацијата дека финансискиот план е донесен во 2021 година, а средства се исплаќани во 2019 и 2020 година, но ова е од веќе споменатата причина дека Законот за Пописот е донесен во јануари 2021 година, а плаќањата во 2019 и 2020 година се однесуваат за набавки (изработка на апликација за спроведување на Пописот и набавка на 5650 лаптоп компјутери) кои е невозможно да се реализираат во краткиот рок меѓу донесувањето на законот и рокот на спроведување на Пописот (1 април 2021 година).

До Министерство за финансии доставувано е барање за средства на програма 30 - Попис од истите причини споменати погоре и поради очекување Законот за Пописот да биде донесен во 2019, односно во 2020 година што било пракса Законот за Пописот да биде донесен барем една година пред спроведувањето на Пописот, при спроведувањето на претходните пописи. Ако ова беше случај и со Пописот во 2021 година, во 2020 година ќе се спроведеа и платеа и други набавки и ќе беа спроведени и други активности (кампања, постапка за набавка на облак).

Во табелата со планирани и реализирани активности, во која се прикажани предвидените и направените трошоци по активности, за сите ставки кај кои трошоците се поголеми од планираните причина е одложувањето на Пописот во април и повторување на сите активности за спроведување на Пописот во септември (избор на попишувачи, обуки на избраните попишувачи, повторена кампања, дополнителни трошоци за облак и интернетски картички, надоместоци за спроведените активности).

### 3.5. Постапка за јавни набавки

Дадените констатации во однос на недостатоците во актите за набавка, односно дека во одлуката нема образложение, како и дека во одлуките е наведено дека КЈН спроведува технички дијалог со економските оператори, кој не се спроведува, цениме дека е несуштинска, од причина што и по жалбените постапки во одредени јавни набавки немаше никакви последици врз законитоста и транспарентноста на постапките. Цениме дека дадената забелешка е коректна, но не е целосно суштинска.

Во однос на последната констатација која се однесува на изјавите за непостоење судир на интереси, цениме дека треба да ги потпишуваат само лицата кои учествуваат во постапката, како и дека извештајот треба да го потпишат само оние што учествувале во истата. Наведеното го потенцираме од причина што учеството во постапката за јавни набавки носи и одговорност за членовите на КЈН и дека согласно со општите правила за одговорност не може да се бара одговорност (ако постои правна основа) за лице кое  не учествувало непосредно  во конкретна постапка за јавни набавки или дало невистинита изјава.

### 3.5.1. Набавка на информатичка опрема (5650 лаптопи)

Дадена е констатација дека се задоцнило со испораката на лаптопите за околу 2 месеца. Државниот завод за статистика цени дека Државниот завод за ревизија треба да има предвид под кои услови беа набавувани и испорачани компјутерите,. односно во услови на андемија на КОВИД-19 и голем недостаток на информатичка опрема на пазарот во Северна Македонија, но и пошироко, цениме дека е постигнат голем успех и со тоа што воопшто опремата е испорачана во Заводот.

Во однос на мислењето од Националниот совет за информациски и комуникациски технологии за техничките спецификации на ИКТ-опремата, која Заводот планираше да ја набави, и покрај доставеното барање од наша страна до наведеното тело, на барањето не е одговорено, но Заводот има добиено документ со кој Владата го прифаќа нашето барање за набавка на

преносни компјутери (лаптоп), заведен под број 44-17/45 од 22.04.2020 година, односно бр. 05-341/8 од 27.04.2020 година (наш број), односно ја одобри набавката.

Во однос на склучените три анекс-договори кон основниот договор за набавка на 5650 дата сим-картички, за набавка на услуги – подготовка на деловно техничко решение за услуги на облак (вториот анекс) и поради одложување на Пописот за месец септември 2021 година за набавка на дата сим-картички и за деловното техничко решение за услуги на облак, потенцираме дека склучувањето беше неопходно од причини што истите се непосредно поврзани со основниот договор, но, пред сè, и поради фактот дека времето за подготовка на целокупното решение на облак, инсталирањето на сим-картичките и инсталација на лаптопите беше исклучително кратко. Ако се започнеше постапка согласно со Законот за јавните набавки, тогаш немаше да биде спроведен Пописот во утврдениот рок.

Во однос на банкарската гаранција, истакнуваме дека иако истата беше со важност од 02.09.2020 година до 24.09.2021 година, поради тоа што опремата беше испорачана во декември 2020 година, нејзиното натамошно држење во Заводот е беспредметно, уште повеќе што испорачаната опрема беше под гаранција, како и дека со доставената гаранција за третиот анекс максимално беа заштитени интересите на Државниот завод за статистика. Самиот факт дека не беа согледани никакви проблеми или недоследности поврзани со наведената опрема говори во прилог на нашето тврдење.

Што се однесува на констатацијата за осигурувањето на лаптопите, цениме дека не е оправдана од причини што основната цел беше компјутерите да бидат осигурени додека се на терен. Тоа значи дека имаше покритие за периодот 16.03.2021 година до 30.04.2021 година. Но, поради одложувањето на Пописот компјутерите беа вратени во Заводот и истите, по соодветна постапка согласно со Законот за јавните набавки, беа осигурени за време на спроведувањето на Пописот и потоа (18.05.2021 – 18.08.2022). Периодот што го наведувате во вашиот извештај се однесува на

времето кога компјутерите беа сместени во Заводот и беа максимално заштитени (од 18.12.2001 до 16.03.2021 година и од 30.04.2021 до 18.08.2021 година).

Фактот дека од 5650 компјутери само два компјутера се отуѓени (за што е поведена постапка) и дека само седум компјутери се оштетени (наплатени се побарувања за оштета од осигурителна институција) говори дека Заводот максимално совесно и домаќински управувал и ги користел персоналните сметачи набавени за потребите на Пописот.

**3.5.2. Информирање на населението за целите и значењето на Пописот,2021 година – Медиумска кампања**

Генералната констатација на државните ревизори по оваа точка е дека е спроведена постапка со преговарање без објавување оглас**,** при што се констатира дека постапката е спроведена без позитивно мислење од Бирото за јавни набавки, односно дека не се исполнети условите за спроведување постапка со преговарање без објавување оглас.

Државниот завод за статистика цени дека Бирото за јавни набавки воопшто не го разгледало нашето барање, односно не му посветило должно внимание, од причина што практично е невозможно да се спроведе друг вид постапка за јавна набавка (освен со преговарање). Имено, одлуката за јавна набавка е донесена на 11.02.2021 година, при што периодот до започнувањето на Пописот беше исклучително краток (01.04.2021 година) .

Потенцираме дека информативната кампања претставува еден од најважните услови за спроведувањето на Пописот и е практично незамисливо да се организира и спроведе Попис без притоа да се спроведе постапка за информирање на населението.

### 3.5.3. Набавка на средства за заштита од КОВИД-19

Што се однесува на констатациите на државните ревизори во однос на набавката на средствата за заштита од КОВИД-19, потенцираме дека состојбите кои беа предизвикани од пандемијата на КОВИД-19 воопшто не можеа да се предвидат, поради што мораше интервентно да бидат преземени мерки кои беа во функција на заштита на сите учесници во Пописот, како и на населението. Постапувањето на Заводот беше и во насока на почитување на Протоколите за превентивни мерки при спроведувањето на Пописот, кои беа донесени од страна на Владата на РСМ. Сакаме да потенцираме дека општиот јавен интерес за заштита на учесниците во Пописот и на населението беше доминантен при преземањето на сите активности за набавка на наведениот вид стока.

Во таа насока, цениме дека државните ревизори треба да имаат посеопфатен и суштински третман на целокупната состојба во врска со КОВИД-19, односно исклучително кратките рокови и тешките услови за преземање пописни активности изискуваа преземање енергични, навремени и ефикасни мерки.

**Директор**
**Апостол Симовски**


Република Северна Македонија
Државен завод за статистика
Даме Груев 4
1000, Скопје
Тел.: 02 3295 600
www.stat.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-17/45
Скопје, 22 април 2020 година

*Точка 38/45*
*Прашања и предлози*

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТ...
ENTI SHTETËROR PËR S...
СКОПЈЕ - SHK...
Примено: 27-04-2020
05-341/8

ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

СКОПЈЕ

да го обезбедам

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, го разгледа Барањето од Државниот завод за статистика доставено под бр. 05-341/7 од 21 април 2020 година, го прифати Барањето за набавка на преносни компјутери (лап-топ), а во функција на подготовка за реализација на попис на населението, домаќинствата и становите, кој планира да се спроведе наредната 2021 година и го одобри спроведувањето на јавната набавка.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Подготвил: Христијан Николов
Контролирал: Љубица Р. Димовска / / Зоран Брњарчевски
м-р Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Прилог број 5

**Одговор**
**на забелешките**
**на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година“ број 11-296/1 од 09.02.2023 година, од одговорното лице Апостол Симовски, директор на Државниот завод за ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-296/4 од 13.03.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. **Генералната забелешка** дека во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор не е потенциран краткиот период од донесувањето на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година до спроведување на истиот, во кој период Државниот завод за статистика има преземено низа активности во насока на подготовка, спроведување на неопходните набавки, донесување на акти, формирање на Комисии за пописни реони, избор на реонски попишувачи и инструктори и други активности, како и дека пописот се вршеше во услови на светската пандемија предизвикана од КОВИД-19, **претставува образложение** за причините и околностите под кои е подготвен, организиран и спроведен пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, кои причини и околности ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и истите се соодветно обелоденети во точка 3.2.1. во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.1.** која се однесува на внатрешните контроли претставува известување дека субјектот се согласува со констатираните состојби и информира дека истите ќе ги има во предвид во наредните процеси на попис.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.1.** која се однесува на начинот на донесување на актите во врска со пописот односно дека истите потребно е пред нивното донесување да се разгледаат и одобрат со парафирање од страна на директорот и заменикот на директорот на Државниот завод за статистика, **претставува образложение** на причините за констатираната состојба, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.1.** која се однесува на претходно попишување на одделни категории на лица **претставува известување** дека субјектот нема забелешки на констатираните состојби.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.2.** која се однесува на начинот на организирање на теренското попишување **претставува образложение** за учеството, улогата и положбата на административно техничките и финансиско-сметководствените лица во вршењето на пописот, која состојба ревизијата ја имаше во предвид во текот на ревизијата.
   Имено, овластениот државен ревизор соодветно обелодени дека нивните надлежности во спроведувањето на процесот на пописот не се регулирани со одредбите на Законот за попис и дека Државниот завод за статистика има донесено подзаконски акт со кој се уредени истите.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.1.** која се однесува на самопопишувањето **претставува известување** дека субјектот нема забелешки на констатираните состојби.

7. Во однос на забелешките на констатираната состојба во **точката 3.3.4.** кои се однесуваат на поставеноста и организацијата на учесниците во пописот, констатиравме:
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба дека формирани се стручни тела Штаб за попис и Биро за попис и дека дел од нивните надлежностите се идентични, **не се прифаќа**, бидејќи за нивното формирање донесени се две засебни решенија, а во содржината на Решението за формирање на Штабот за попис нема одредба со која Бирото за попис престанува да постои и истото се преименува и продолжува да работи како Штаб за попис,
   - забелешката која е однесува на констатираната состојба дека има вработени кои се членови во неколку работни групи, како и вработени кои и покрај тоа што се именувани како државни инструктори се членови и на дел од останатите работни тела **претставува образложение** на причините за членувањето на дел од вработените истовремено во различни групи. Овластениот државен ревизор ја имаше во предвид кадровска екипираност на Државниот завод за статистика во текот на вршење на ревизијата,
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба дека надоместоците за учесниците во пописот се пресметувани врз основа на критериуми уредени со правилник, додека висината и вредноста на бодовите се уредени со акт донесен од страна на директорот без негово парафирање, **претставува образложение** на причините, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.4.** кои се однесуваат на финансирањето на пописот односно дека исплатата за дел од активностите

поврзани со пописот е отпочната во 2019 година додека финансиски план за пописот е донесен во 2021 година претставува **образложение** на причините поради кои се вршела исплата на средства во 2019 и 2020 година, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истите немаат влијание на промена на констатираната состојба.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.5** која се однесува на недоследности во дел од актите во постапките за јавни набавки и тоа на содржината на одлуките за јавна набавка и на потпишување на изјавите за непостоење судир на интереси **претставува образложение** и став на Државниот завод за статистика во однос на барањата на Законот за јавните набавки.

10. Во однос на забелешките на констатираните состојби во **точката 3.5.1**, кои се однесуваат на набавката на информатичка опрема односно на набавката на 5.650 идентични лаптопи, констатиравме:
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба за недоследности во однос на рокот и начинот на испораката на лаптопите **претставува образложение** на причините за задоцнета испораката на лаптопите, светската пандемија предизвикана од КОВИД-19, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата,
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба дека Државниот завод за статистика нема обезбедено мислење од Националниот совет за информатички и комуникациски технологии за техничката спецификација на лаптопите ниту мислење од страна на Владата **делумно се прифаќа** поради доставени дополнителни докази. Имено доставено е мислење од страна на Владата број 44-17/45 од 22.04.2020 година, со кое Владата одобрува да се изврши набавката на лаптопите, која состојба соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор,
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба за склучувањето на три анекси кон основниот договор за набавка, без спроведување на соодветни постапки за јавни набавки, **претставува образложение** за причините поради кои истите се склучени, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизија, но истите немаат влијание на промена на констатираната состојба,
   - забелешката која се однесува на констатираната состојба дека не е обезбедена банкарска гаранција во услови кога е продолжен рокот за реализација на договорот и е зголемена неговата вредност, **претставува образложение** за причините за констатираната состојба. Имено иако опремата била испорачана во декември 2020 година и истата била под гаранција, во член 102 став 1 од Законот за јавните набавки, уредено е дека во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот,

- забелешката која се однесува на констатираната состојба за прекин во осигурување на лаптопите односно дека истите не биле осигурени во период од 18.12.2020 година до 16.03.2021 година и од 30.04.2021 година до 18.08.2021 година **претставува образложение** за причините за констатираната состојба. Истакнуваме дека обврската секоја државна институција да го осигура имотот со кој располага и кој го користи е поради обезбедување на можност од покривање на штета во случај на евентуално нарушување на безбедноста на нејзиниот имот.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.5.2.** која се однесува на спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас при набавка на услуги за медиумска кампања, иако добиен е одговор од страна на Бирото за јавни набавки дека не се исполнети условите за спроведување на постапката, **не се прифаќа,** бидејќи во член 55 став 5 од Законот за јавни набавки е уредено дека договорниот орган може да започне постапката со преговарање без претходно објавување оглас, само по добивање претходно мислење од Бирото за јавни набавки.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.5.3.** која се однесува на набавка на средства за заштита од КОВИД-19 без спроведување на постапка за јавна набавка, **претставува образложение** за причините како и укажување дека пописот се вршеше во услови на пандемија предизвикана од КОВИД-19, која состојба овластениот државен ревизор ја имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата.